АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД
17.04.2026 година (петок)

април 2026, Охрид

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-4415 2
17.03.2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 17.03.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За свикување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

1. Одборот на директори на друштвото свикува Годишно Собрание на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД на ден **17.04.2026 година (петок)** со почеток во 12:00 часот во седиштето на друштвото на Улица Партизанска број 8 Охрид.

2. За Годишното Собранието на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД се предлага следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на Седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година

3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2025 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2025 година и одлучување по:

- Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на годишна сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година;
- Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2025 година.

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната

пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2026 година.

3. За свикување на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД да се подготви Јавен Повик за свикување и објавување во еден од дневните весници на територијата на Република Северна Македонија, како и по секоја од точките од дневниот ред утврдени со оваа одлука да се подготват предлог одлуки за донесување и усвојување од Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

4. Составен дел на оваа одлука се текст Јавен Повик за свикување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД и текст на предлог Одлуки по точките од дневниот ред за донесување на Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

5. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Искра Клинкарова

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-4416 2
17.03.2026 год.
ОХРИД

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 17.03.2026 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден **17.04.2026 година (петок)** со почеток во 12:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување на Записник од седница на Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година;

3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2025 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2025 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година;
   - Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2025 година.
4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2026 година.

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојувањ можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Искра Клинкарова

Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД согласно Одлуката за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ - ОХРИД од 17.03.2026 година објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За свикување и одржување Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД

Седницата на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД ќе се одржи на ден 17.04.2026 година (петок) со почеток во 12:00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За Годишното Собрание на акционери се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување на Записник од седница на Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година;

3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2025 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2025 година и одлучување по:

- Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година;
- Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2025 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2025 година.

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2026 година.

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник. Именувањето на полномошник се врши со нотарски заверено писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое издадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за дадено полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Услов за уважување на полномошно и верификација на инструкциите за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до друштвото, да приложи и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на заверено од нотар. Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седница на собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на Годишното Собрание, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавување за учеството на Годишното Собрание акционерите го вршат со писмена пријава, а кон пријавата приложуваат заверено полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот давател на полномошното како и фотокопија од документацијата наведена за идентификација.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Годишното Собрание за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Акционери кои поединично или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за долонување на дневниот ред како и предлог одлуки поврзано по точките од дневниот ред со образложение. Акционерот барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред за работа на Годишното Собрание и предлагање на одлуките за усвојувањ можат да го достават во рок од осум дена од денот на објавата на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите до Одборот на Директори.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Годишното Собрание. Одговорите на поставените прашања друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Годишното Собрание во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 – 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД ОХРИДТУРИСТ- ОХРИД
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Искра Клинкарова

Т.1. Избор на Претседавач на Собранието и работни тела;

Т.2. Усвојување Записник од седница од Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година

Република Северна Македонија
НОТАР
Васил Кузманоски
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

18.02.2025 година
(осумнаесетти февруари двеилјадидваесетипетта година)
12.00 часот (дванаесет часот)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 18.02.2025 година (ден осумнаесетти, месец февруари, двеилјадидваесетипетта година) на писмено Известување за Собрание на акционери број 03-20 од 21.01.2025 година на Генералниот директор на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид-Оливера Ставрова присуствував на Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 18.02.2025 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 12.00 часот (дванаесет часот), при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------

----------ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ----------
----------НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО----------
----------ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------
1. Тековната состојба број 0805-50/150020250058014 од 18.02.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ----------
2. Одлука за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со број 02-17/5 од 17.01.2025 година донесена од Одборот на директори на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------
3. Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат и потпис од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 17.02.2025 година во 10:14:05 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) имателиа на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас----------
4. Јавен повик за свикување и одржување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид објавен во весникот "Вечер" на ден 18 и 19 јануари 2025 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 18.02.2025 година, со почеток во 12.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид----------
5. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година----------
6. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 18.02.2025 година, кој содржи име и презиме на акционерот, адреса,

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

полномошник, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 7 (седум) акционери и нивни застапници и тоа:----------
1. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје, со адреса: улица "Димче Беловски" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Руде Чајавец" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 11.08.2024 година со Полномошно број 0201/3 од 03.02.2025 година заверено под број УЗП 1226/2025 од 06.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
2. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Владимир Полежиновски" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 1224/2025 од 06.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
3. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 1221/2025 од 06.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
4. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 1222/2025 од 06.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје--------
5. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, со адреса: Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, преку полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2024 година со Полномошно број 03-42/1 од 17.02.2025 година заверено под број УЗП 390/2025 од 17.02.2025 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид----------
6. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44 Охрид, со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2023 година кој е сопственик на 447 акции и гласови----------
7. ЗДРАВКО ЃОРГИЕВСКИ од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 309 Охрид, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 591 акции и гласови преку полномошник Илија Ѓоргиевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "АСНОМ" број Л1/1-19 Охрид, со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 19.02.2023 година со Полномошно заверено под број УЗП 1392/2025 од 14.02.2025 година од Нотар Едмонд Шазимани од Охрид----------
Собранието го отвори Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје како полномошник на М-6 ДОО Скопје кој истакна дека ја отвара оваа седница на Собранието на акционери на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид закажана за денес

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

18.02.2025 година свикано согласно Одлука на Одборот на директори со број 02-17/5 од 17.01.2025 година, чие свикување е објавено во средствата за јавно информирање дневен весник "Вечер" од 18 и 19 јануари 2025 година----------
Тој истакна дека за да може Собранието да започне со својата работа по дневниот ред потребно е да се утврди дали за работата на Собранието постои кворум, како би можело Собранието да се одржи и полноважно да одлучува, во согласност со Списокот на присутни акционери и состојбата на Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност----------
Имено, Собранието на АД ОХРИДТИСТ-Охрид го сочинуваат акционери односно нивни овластени претставници или застапници со право на 172.291 гласови во Собранието. За да постои кворум Собранието да се одржи и полноважно да одлучува потребно е присуство на акционери односно нивни овластени претставници или застапници кои поседуваат најмалку 86.146 гласови од акциите со право на глас што можат да се дадат на Собранието. Според Списокот на присутни акционери и Акционерската книга од Централниот депозитар за хартии од вредност на седницата на денешното Собрание се присутни акционери односно нивни овластени претставници или застапници и тоа: Трговско друштво М-6 ДОО Скопје, чиј полномошник е Бети Недева со 75.021 акција, Драгана Јаневска чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, Јане Јаневски чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, Кирило Јаневски чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид чиј полномошник е Адвокат Аце Ѓоршевски со 50.193 акции, акцинерот Џемал Рахман со 447 акции и Здравко Ѓоргиевски преку полномошник Илија Ѓоргиевски со 591 акција и истите преставуваат 138.969 акции и гласови. Присутните акционери и нивните претставници пријавени на денешното Собрание поседуваат доволно акции и гласови така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.----------
Мартин Мијовски исто така истакна дека на денешното Собрание се присутни и Извршниот и Генерален директор на АД Охридтурист Охрид, Оливера Ставрова и Томе Трпоски-Државен правобранител на РСМ за подрачјето на Охрид во својство на гостин како претставник на Министерството за финансии, со оглед на тоа да нема овластување и не е запишан во Списокот на присутни акционери----------
Поради карактерот на материјалите и точките кои ќе се разгледуваат и за кои ќе се одлучува на ова Собрание, Мартин Мијовски кажа дека е повикан и Нотар, односно Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид кој исто така е присутен----------
Мартин Мијовски исто така кажа дека за да може да се одржи Собранието и полноважно да одлучува потребно е од редот на акционерите, односно лицата кои ги застапуваат акционерите да се избере Претседавач кој ќе претседава со денешното Собрание и ќе ја води седницата, како и бројачи на гласови и праша дали има предлог за Претседавач----------
Никој не даде предлог за Претседавач и Мартин Мијовски за Претседавач ја предложи Бети Недева, а за бројачи на гласови ги предложи Мирјана Кузманоска и Цветанка Савеска. Други предлози за Претседавач и бројачи на гласови нема.----------
Предлогот Бети Недева да биде избрана за Претседавач на денешното Собрание беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови гласови, "Против" нема и "Воздржани" 51.231----------
Се констатира дека за претседавач на денешното собрание едногласно е избрана Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Руде Чајавец" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ 1007984435019 и број на л.к. М1129997 издадена од МВР Скопје на ден 11.08.2024 година со 87.738 гласови "За"----------
Предлогот Мирјана Кузманоска да се избере за бројач на гласови беше

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.969 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Мирјана Кузманоска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.969 гласови "За"----------

Предлогот Цветанка Савеска да се избере за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.969 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Цветанка Савеска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.969 гласови "За"----------

Потоа се премина кон утврдување на дневниот ред по кој ќе работи денешното Собрание----------

Претседавачот Бети Недева го за зеде своето место и ги поздрави присутнитите и предложи да се премине кон утврдување на дневниот ред и го предложи следниот:----------

----------**ДНЕВЕН РЕД**----------

1. Избор на Претседавач и работни тела----------
2. Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 04.09.2024 година----------
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:----------

-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година----------

-Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година----------

-Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година----------

-Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид----------

-Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година----------

Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година----------

-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2024 година ----------

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година----------
5. Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/11 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје број 0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собранието на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година----------
6. Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочување на постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година-7. Донесување на Одлука за објавување на Оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид, Објект "Ориент" Охрид и Хотел Десарет во Охрид----------

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

Претседавачот констатира дека во законски предвидениот рок не се доставени Барања за дополнување на дневниот ред----------
За збор се јави Томе Трпоски Државен правобранител на РСМ за подрачјето на Охрид во својство на гостин како претставник на државата, односно Министерство за финансии и побара кратко да се обрати пред да се гласа за дневниот ред и побара истото да влезе во Записникот кој го составува Нотарот----------
Тој истакна дека Државното правобранителство Охрид со писмен допис на акционер е известено за денешното Собрание на акционери, а од ДПРСМ за подрачјето Охрид истото е доставено до Министерството за финансии како сопственик на акции во АД Охридтурист Охрид. Од страна на Министерството за финансии како сопственик на акции во АД Охридтурист преку е-маил во попладневните часови упатен е допис до ДПРСМ за подрачјето Охрид во кој е кажано дека како сопствник на државниот капитал претставник е Владата на РСМ и дека истите ќе овластат свој претставник со писмено заверено овластување кој полноправно ќе учествува во работата на Собранието на акционери во АД Охридтурист. Но со оглед на тоа да се работи за многу краток рок Владата не успеа да обезбеди свој претставник и поради тоа побара денешното Собрание да се одложи во законски определен рок согласно Законот за трговски друштва како би можела Владата на РСМ да обезбеди свој претставник со писмено заверено овластување кој ќе може полноправно да учествува на Собрание на акционери и да одлучува по точките од дневниот ред. Тој исто така истакна дека е потребно да се одложи денешното Собрание на акционери со оглед на тоа дека во дописот од Министерството за финансии има несогласување односно противење по однос на точките од дневниот ред, а посебно по 7 (седмата) точка од дневниот ред каде се оттуѓува голем недвижен имот, но секако главниот збор ќе го има Владата на РСМ со поставување на свој претставник кој врз основа на писмено заверено овластување со јасно нагласени ингеренции и начин на гласање ќе може да учествува на Собранието на акционери и да гласа по сите точки од дневниот ред вклучувајќи ја и точката 7 (седум). Тоа беше неговото излагање со барање уште еднаш да се одложи денешното Собрание на акционери, како би можело Министерството за финансии и Владата на РСМ да гласат по сите точки од дневниот ред а посебно по точка 7 (седум) со оглед на тоа да се работи за оттуѓување на голем недвижен имот----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека ќе се надоврзи на барањето од Државниот правобранител за одлагање на денешното Собрание, дека Законот дава истото да се одложи доколку има одредени прашања за тоа, во моментов тоа е сегментот што го кажа Државниот правобранител, но тоа да биде кажано како предлог од страна на акционерите, односно нивните претставници.----------
За збор се јави Мартин Мијовски кои истакна дека тој ќе предложи прекин на денешното Собрание и истото да се презакаже во рок од 8 (осум) дена колку што е законскиот рок за презакажување на истото, но формално треба да се усвои дневниот ред и потоа да се прекине седницата.----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој побара барањето за прекин да се формулира пред гласањето по дневниот ред, а не после тоа, а доколку се гласа за дневниот ред тој ќе има свое излагање пред гласањето----------
Мартин Мијовски истакна и побара да се усвои дневниот ред и после тоа да се прекине седницата на Собранието.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски побара да се произнесе по предложениот дневен ред. Тој истакна во приложената документација која е доставена се работи за годишно собрание со точки кои се по закон поставени, но има и нови точки, точка 5, точка 6 и точка 7 кој не се предмет на годишно собрание.

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

Побаран е Записникот од 17.01.2025 година да се види кој ги предложил новите точки и од која причина се истите предложени, без образложение. Со оглед на тоа што во Записникот од 17.01.2025 година на Одборот на директори стои само дека се донесе одлука, без образложение за тие точки од дневниот ред, побара од Извршниот директор Оливера Ставрова образложение кој ги предложил новите точки, од кои причини се предложени за да се има образложение од кои причини би гласале по истите. Во ваков случај кога се носат вакви сериозни и одговорни точки во најмала рака потребно е присуство на членовите на Одбор на директори во полн состав, а ако не, да се присутни Адвокатите кој се запознати со точките по кои се дискутирало и одлучувало----------

Извршниот директор Оливера Ставрова образложи дека сите членови на Одборот на директори на таа седница едногласно одлучиле дека тоа се точки кои треба да бидат разгледани на Собранието на акционери. Петтата и шестата точка се бидејќи се води судска постапка за одлуки донесени на претходното собрание од 04.09.2024 година, едната е за Извештајот на Мур Стивенс за проценката на недвижниот имот на Охридтурист, а другата е за отпочнување на постапка за продажба на хотел Десарет. Бидејќи од страна на Екстра Скопско беа оспорени истите и беше покренатa тужба и времена мерка да не се постапува по истите, но бидејќи се води сеуште судски процес Одборот на Директори смета истите треба да се поништат и да не се води судски спор повеќе по истите. Седмата точка се однесува на тоа да од страна на Екстра Скопско има забелешки во однос на проценката изготвена од Мур Стивенс за недвижниот имот, Одборот на директори смета дека е добро да се објави оглас за прибирање на понуди за продажба на споменатите најголеми објекти: Хотел Десарет, Летница и Ориент и да се види вистинската пазарна вредност, заради тоа што очигледно во книговодствената евиденција тие се потценети, тое е образложението на Одборот на директори и затоа предложија тие одлуки да бидат дел од ова Собрание.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека тој уште на претходното собрание кажал дека одлуката за продажба на хотел Десарет ќе биде оспорена, но сепак истата била изгласана, поведен е судски спор, се стави забрана со времена мерка да нема продажба на хотел Десарет и судот зазел став дека нема продажба во време на статусни промени на Друштвото кои се спроведуваат врз база на Одлука од надлежен суд. Право е на Собранието да ги отповика преходно донесените Одлуки, тоа е во ред, но право е да кажите и дека сте погрешиле при носењето на тие Одлуки. Ова е образложение за петтата и шестата точка. Во однос на седмата точка да се види која е пазарната вредност објавувате оглас за продажба. Сакам да кажам дека минатата година на барање на М-6 имаше дополнување на дневниот ред со одлука за оттуѓување на хотел Десарет. Екстра Скопско гласаше "против", М-6 гласаше "за" и одлуката беше донесена. Но со судска одлука се донесе времена мерка забрана за продажба на хотел Десарет и сега при вакви судски одлуки е несериозно, неодговорно и неразумно да се стават на продажба хотел Десарет, Летница и Ориент за да се види колку коштаат објектите, далеку е тоа од здрав разум. Еве, пример зошто не се ставени сите објекти на продажба туку само дел од објектите. Пред ланското собрание кога се расправаше за Извештајот за проценката и за проценката на капиталот Екстра Скопско испрати до Одборот на директори допис и Технички извештај за објектите од Геопрактика со извештај од проценител и имаше забелешка на извршената проценка која е составен дел на Извештајот каде што дел од објектите не беа опфатени или дел од површините на објектите не беа опфатени со што се доби впечаток дека се сокрива имот а проценителите кажаа дека за 11.000.000,00 ЕУР е потценет имотот во проценката. Затоа е побарано проценителите да седнат и да се усогласат. Имено проценителите во извештајот за проценка кажале дека

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

имотот е проценет на 36.000.000,00 ЕУР, нашите проценители дадоа износ од 47.000.000,00 ЕУР, а друштвото плаќа данот на имот во вредност од 50.000.000,00 ЕУР како што го цени имотот Општината Охрид. По однос на ова прашање имаше една средба со Одборот на директори, а сега е побарана и нова средба. Со писмо од Екстра Скопско писмено е побаран работен состанок, но истиот имаше карактер на средба, а не на работен состанок на ден 13.02.2025 година без присуство во полн состав на сите релевантни фактори и затоа е закажана нова средба за во иднина за да се спроведе постапката за статусни промени. Според него нема потреба од брзање од одржување на годишно собрание, годишните собранија секогаш се одржувале во месец септември или октомври, а најрано месец јули, сега се брза во февруари и зашто се брза. Според него заради разумно и рационално движење потребно е седмата точка да не се разгледува на дневен ред затоа што како што кажаа и објасниј ревизорите има стандарди ако се сака да се постигне ефект на пазарна вредност на објектите и како се спроведува тоа. Ако некој каже 100.000.000,00 ЕУР вредност на објектите тоа не е пазарна вредност. Тоа е несериозно и неодговорно. Тој апелира, врочем во тој контекст е и противењето на Државата и барањето на Правобранителот по седмата точка од дневниот ред и истата да се тргне од дневниот ред како не би дошло до нови судски спорови и нови трошоци----------

Државниот правобранител за Охрид Томе Трпоски истакна дека тој во овој момент не е во можност да гласа но од страна на дописот доставен од Министерство за финансии изразено е несогласување, односно противење по оваа точка од дневниот ред, но сепак крајниот збор ќе го има овластениот претставник од Државата и по седмата точка и по сите останати точки од дневниот ред----------

Адвокат Аце Ѓоршевски уште еднаш побара и апелира да се тргне оваа точка од дневниот ред, дека таа е спротивна на донесените судски одлуки, како не би дошло до нови судски спорови и нови трошоци----------

Претседавачот Бети Недева праша дали некој друг се јавува за збор----------

За збор се јави Џемал Рахман како претставник на малите акционери истакна дека треба да се тргне седмата точка од дневниот ред со оглед на тоа да во тек се статусни промени на друштвото, дека направени се многу трошоци за судови и адвокати за претходно донесени одлуки, а со тоа трпат сите акционери вклучувајќи ги и малите акционери.----------

Друг не се јави за збор и Претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред----------

Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 51.231 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието го усвои предложениот дневен ред со 87.738 гласови "За" и денешното Собрание на акционери ќе работи по истиот----------

За збор се јави Мартин Мијовски кој се врати за предлогот да се прекине денешното Собрание и истото да се продолжи во законскиот рок од 8(осум) дена односно за 25.02.2025 година во 14.00 минути и побара да се гласа по предлогот----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски и побара истото да се закаже за ден 26.02.2025 година, но Претседавачот истакна дека за тој ден тие се зафатени.----------

За збор се јави Државниот правобранител за Охрид Томе Трпоски побара да се даде подолг рок како би можело да Министерството за финансии обезбеди полномошно за присуство на Собранието----------

Претседавачот истакна дека не може да се даде подолг рок со оглед на тоа да законскиот рок за продолжување на истото е 8 (осум) дена и истото треба се продолжи во тој рок----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој побара Собранието да се одржи

ОДУ
реден број 78/25
(Извод)

на ден 25.02.2025 година во 14.30 часот----------
Друг предлог немаше и Претседавачот го стави на гласање предлогот за прекин на денешното Собрание на акционери и истото да се продолжи на ден 25.02.2025 година во 14.30 минути----------
Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.969 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието на акционери едногласно одлучи да се прекине Собранието на акционери и истото да се продолжни на ден 25.02.2025 година во 14 часот и 30 минути со тоа што нема потреба од посебно пријавување на присутните акционери за тоа Собрание, а за присуство на нови акционери истите треба да го пријават своето учество на Собранието на акционери----------
Седницата на собранието на акцинери се прекина во 12 часот и 50 минути-----
Овој Записник лично го составив се состои од осум страници и осум листа, му го прочитав на Претседавачот Бети Недева и го предупредив на правните последици на оваа правна работа----------
Претседавачот Бети Недева изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба----------
Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------

Претседавач: БЕТИ НЕДЕВА с.р.----------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод----------
По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид----------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса----------
Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од дванаесетилјади денари и трошоци во износ од сдумстотинииидваесет денари----------
ОДУ реден број 78/25 (Извод)----------
Охрид 18.02.2025 година (ден осумнаесетти, месец февруари, двеилјади-дваесетипетта година)----------

Нотар Васил Кузманоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е ___прв___извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ___/___ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 78/25

Во Охрид, 18.02.2025 година

НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

Република Северна Македонија
НОТАР
Васил Кузманоски
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

25.02.2025 година
(дваесетипетти февруари двеилјадидваесетипетта година)
14.30 часот (четиринаесет часот и триесет минути)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 25.02.2025 година (ден дваесетипетти, месец февруари, двеилјадидваесетипетта година) присуствував на презакажаното Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 25.02.2025 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 14.30 часот (четиринаесет часот и триесет минути), при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------

----------ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ----------
----------НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО----------
----------ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------
1. Тековната состојба број 0805-50/150020250058014 од 18.02.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ----------
2. Одлука за свикување Годишно Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со број 02-17/5 од 17.01.2025 година донесена од Одборот на директори на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------
3. Јавен повик за свикување и одржување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид објавен во весникот "Вечер" на ден 18 и 19 јануари 2025 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 18.02.2025 година, со почеток во 12.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид----------
4. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година----------
и истите ми беа предочени на Собранието на акционери закажано за ден 18.02.2025 година, а додека како нова документација за денешното презакажано Собрание за ден 25.02.2025 година ми се предочени нови:----------
1 Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат и потпис од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 24.02.2025 година во 10:21:15 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) имателиа на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас----------

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

2. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 25.02.2025 година, кој содржи име и презиме на акционерот, адреса, полномошник, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 7 (седум) акционери и нивни застапници и тоа:----------
1. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје, со адреса: улица "Димче Беловски" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Руде Чајавец" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 11.08.2024 година со Полномошно број 0201/3 од 03.02.2025 година заверено под број УЗП 1226/2025 од 06.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
2. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Владимир Полежиновски" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Јелена Каранфилова од Скопје, со адреса на живеење на улица "Бул. АСНОМ" број 100/28 Скопје-Аеродром со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 01.04.2023 година со Полномошно заверено под број УЗП 1958/2025 од 24.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
3. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Катерина Ризова Ристов од Неготино, со адреса на живеење на улица "П. Михајловски Демирски" број 16-5 Неготино со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Неготино на ден 23.02.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 1960/2025 од 24.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
4. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Симона Ѓорѓиева од Кавадарци, со адреса на живеење на улица "Киро Крстев" број 60 Кавадарци со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Кавадарци на ден 02.09.2022 година со Полномошно заверено под број УЗП 1959/2025 од 24.02.2025 година од помошник-нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска од Скопје--------
5. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, со адреса: Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, преку полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2024 година со Полномошно број 03-42/1 од 17.02.2025 година заверено под број УЗП 390/2025 од 17.02.2025 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид.----------
6. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44 Охрид, со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2023 година кој е сопственик на 447 акции и гласови----------
7. ЗДРАВКО ЃОРГИЕВСКИ од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 309 Охрид, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 591 акции и гласови преку полномошник Илија Ѓоргиевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "АСНОМ" број Л1/1-19 Охрид, со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 19.02.2023 година со Полномошно заверено под број УЗП 1392/2025 од 14.02.2025 година од Нотар Едмонд Шазимани од Охрид----------

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

Денешното продолжено Годишно Собрание на АД Охридтурист Охрид закажано за ден 25.02.2025 година во 14.30 часот по донесувањето на Одлука за прекин на собранието закажано за ден 18.02.2025 година со мнозинство гласови, го отвори Претседавачот Бети Недева која истакна дека за да може за отпочне со работа денешното продолжено Годишно собрание на акционери на АД Охридтурист Охрид по дневниот ред потребно е да се утврди дали за работа постои кворум од Списокот на присутни акционери согласно состојбата на Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност, со што би можело Собранието да се одржи и полноважно да одлучува----------

Имено, Собранието на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид го сочинуваат акционери односно нивни овластени претставници или застапници со право на 172.291 гласови во Собранието. За да постои кворум Собранието да се одржи и полноважно да одлучува потребно е присуство на акционери односно нивни овластени претставници или застапници кои поседуваат најмалку 86.146 гласови од акциите со право на глас што можат да се дадат на Собранието. Според Списокот на присутни акционери и Акционерската книга од Централниот депозитар за хартии од вредност на седницата на денешното Собрание се присутни акционери односно нивни овластени претставници или застапници и тоа: Трговско друштво М-6 ДОО Скопје, чиј полномошник е Бети Недева со 75.021 акција, Драгана Јаневска чиј полномошник е Јелена Каранфилова со 4.239 акции, Јане Јаневски чиј полномошник е Катерина Ризова Ристов со 4.239 акции, Кирило Јаневски чиј полномошник е Симона Ѓорѓиева со 4.239 акции, ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид чиј полномошник е Адвокат Аце Ѓоршевски со 50.193 акции, акцинерот Џемал Рахман со 447 акции и Здравко Ѓоргиевски преку полномошник Илија Ѓоргиевски со 591 акција и истите преставуваат 138.969 акции и гласови. Присутните акционери и нивните претставници верификувани на денешното Собрание поседуваат 138.969 акции и гласови, односно доволно акции и гласови така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.----------

Претседавачот Бети Недева исто така истакна дека на денешното Собрание се присутни и Извршниот и Генерален директор на АД Охридтурист Охрид, Оливера Ставрова и претставник на Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје Костадинка Китановска----------

Исто така Претседавачот истакна дека поради карактерот на материјалите и точките кои ќе се разгледуваат и за кои ќе се одлучува на ова Собрание, Претседавачот Бети Недева кажа дека е повикан и Нотар, односно Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид кој исто така е присутен----------

Со оглед на тоа да на Собранието одржано на ден 18.02.2025 година е избран Претседавач-Бети Недева и бројачи на гласови-Мирјана Кузмановска и Цветанка Савеска, а исто така на седницата на Годишното собрание одржана на ден 18.02.2025 година се усвои и дневниот ред кој беше предложен и објавен за работа на Собранието се премина со работа по точките од усвоениот Дневен ред----------

Претседавачот отвори расправа по однос на дневниот ред. За збор се јави Јелена Каранфилова како полномошник на Драгана Јаневска која предложи да не се раправа по 7 (седмата) точка од дневниот ред со оглед на тоа да нема присуство на Државен правобранител и да се разгледува на некоја наредна седница.----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека го поддржува барањето за 7 (седмата) точка од дневниот ред, всушност тоа било и нивно барање на претходното Собрание, со оглед на тоа да на тој начин не може да се утврди пазарна вредност на објектите, а во ситуација кога има став на судот дека нема продажба во време на статусни промени на Друштвото кои се спроведуваат врз база на Одлука од надлежен суд, така да и тој се

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

сложува со ова барање да се тргне, односно повлече 7 (седмата) точка од дневниот ред----------
Друг не се јави за збор и Претседавачот го стави на гласање предлогот на полномошникот Јелена Каранфилова да се тргне односно повлече 7 (седмата) точка од предложениот дневниот ред "Донесување на Одлука за објавување на Оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид, Објект "Ориент" Охрид и Хотел Десарет во Охрид". Се гласаше јавно при што "За" гласале 138.969 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Се констатира дека 7 (седмата) точка од предложениот дневен ред "Донесување на Одлука за објавување на Оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс Летница во Охрид, Објект "Ориент" Охрид и Хотел Десарет во Охрид" се повлекува од предложениот дневен ред и нема да се расправа по истата со 138.969 гласови "За"----------
Потоа се премина со работа кон останатите точки од дневниот ред----------
Со оглед на тоа по првата точка од дневниот ред на Собранието на ден 18.02.2025 година се избрани Претседавач и бројачи на гласови се премина со работа кон **втора точка од дневниот ред** "Усвојување на Записник од седница на Собранието на акционери одржана на ден 04.09.2024 година"------
Претседавачот по оваа точка од дневниот ред истакна дека Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 04.09.2024 година е доставен во материјалите за денешната седница и со истиот се запознати присутните акционери. Се отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.
За збор се јави Адвокат Аце Горшевски кој истакна дека лично нема забелешки на Записникот, но има забелешки на некои констатации содржни во Записникот, кои се однесуваат на поставени прашања на кои требало да се даде одговор на Веб страната на друштвото, но истите не се одговорени.
Прво прашање е во делот на статусот и состојбата на хотел Палас. Тој укажа дека претходно е донесена Одлука на Собрание на акционери со која се задолжува Одборот на директори да спроведе постапка за реконструкција, адаптација и доградба на хотел Палас, донесено е одобрение во управна постапка за доградба и реконструкција во 2017 година, правосилно на ден 14.09.2017 година. Можам да потврдам дека преку 200.000,00 ЕУР се вложени во делот на плаќање, на трошоци, комуналии за добивање на тоа одобрение. Откако се доби тоа одобрение се склучи договор со изведувач. Се донесе одлука на Собрание да се земе кредит да се стави под залог недвижен имот за да може да се имплементира тој проект во смисла да почне конечно развој на АД Охридтурист Охрид и да се види она што е желба и потреба на сите, а поволно за сите охриѓани. При таква состојба поставив прашање дали со оглед на тоа да Собранието на акционери донесе одлука и е задолжен Одборот на директори да го спроведе тој проект и зошто не е спроведен тој проект, а беше кажано дека ќе се добие одговор со објавување на Веб страната на друштвото. На Веб страната на друштвото нема одговор за да се запознаат акционерите што се случува со овој проект, бидејќи се платија пари, имаше избрано изведувач за 2 години требаше да има хотел Палас со 5 звезди, не се реализира тоа и сакам да добијам информација сега дали има нешто околу тоа, дали Одборот на директори има причина поради која не се реализира овој проект затоа што трпат сите акционери. Доколку беше ставен во функција ќе работеше веќе 5 години ќе имаше профит, ќе се расправаше за дивиденда, а сега се расправа за тоа дали ќе се даде одговор што се случува со хотел Палас.----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека има доставено допис до Екстра Скопско во врска со тоа прашање и одговорено е на истото до

Екстра Скопско.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека прашање поставено по закон треба да се објави одговор на Веб страна сите акционери да бидат запознаени и да знаат што се случува, тоа на Веб страната не е објавено, а пошто не е објавено на Веб страната не е одговорено----------
Тој нагласи дека што е одговорено повлекува нови дубиози. Одговорот кој беше даден како причина за тоа зошто не се реализира правосилно одобрение за доградба и реконструкција беше затоа што хотел Палас бил прогласен за значајно културно наследство и се барало да се симне тоа и тоа било оправдана причина.----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека тоа е многу голема причина да се прави реконструкција на овој објект.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека во одобрението се обезбедени сите согласности од сите институции во државата за доградба и реконструкција и од Управата за Заштита на културното наследство. Само едно има кое кажа државата, а тоа е надворешната фасада да не се менува во ништо, а внатре во делот на тоа како и што ќе се прави тоа е работа на инвеститорот. Тоа е дадено во проектот кој го имаме видено. Проблемот не е во тоа што претставува културно наследство туку во нешто друго кое вие не го одговарате.----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека Адвокатот зборува за периодот во 2017 година кога Претседател на Одборот на директори бил акинерот кој Адвокатот го застапува. И со оглед на тоа да уште тогаш не се започнала реконструкцијата значи имало уште тогаш некоја причина. Ова раководство дојде на крајот на 2019 година, што значи акционерот Екстра Скопско многу добро знае зошто не е отпочната реконструкцијата.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека Екстра Скопско беше иницијатор за да почне постапката и за да светни хотел Палас. Во тој перидот се почна со активност, но со промената на раководството одлуката не се имплементира со образложение да се симне назнаката значајно културно наследство, а тоа не е пречка, дали има некоја друга причина----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека нема друга причина дека новиот Одбор на директори од септември 2019 година наваму ги вложува сите напори да ја тргне таа забрана од културно наследство на овој објект. А други причини ако има треба да ги знае претходното раководство. Ако имало период од 2 години од 2017 до 2019 година и не се имплементирало значи има некоја причина што ја знае акционерот Екстра Скопско.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека 2 години додека беше претходниот состав се чистеше и се поднесе барање дека се почна со изведба и побара од Извршниот директор да појасни зошто не се почна со работа кога имаше проект и избор на изведувач на Одлука на собрание, изведувачот требаше да биде од Бугарија. Имаше презентација во Скопје на проектот. Ако одговорот ваш е дека не сте го имплементирале затоа што сакате да се тргне од значајно културно наследство, тоа не е пречка да се стави во функција и акционерите ќе се запрашаат која е причината поради која не е ставен во функција. Ова го кажувам како Адвокат на Екстра Скопско и присутен на Одбор на директори и на сите акционерски собранија. Ќе ве замолам ова да се објави на Веб страната, затоа што фирмата има обврска по Законот за трговски друштва кога се смета едно прашање за одговорено, тоа да се објави на Веб страната на друштвото за да се запознаат акционерите, а не да го објави Екстра Скопско----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека ќе се консултира со адвокатите затоа што законска обврска е да одговори како што е одговорено на барањето на Екстра Скопско а не да мора да го објава на Веб страната, а вие како акционер слободно имате право да го објавите----------

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

За збор се јави Илија Ѓоргиевски како полномошник на акционерот Здравко Ѓоргиевски праша дали тој како малцински акционер треба да се обрати до Друштвото за да добие одговор, на што Извршниот директор Оливера Ставрова одговори дека може .да дојдат во друштвото и да добијат информација----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека треба да се прочита законот и да се консултираат адвокатите, а вие сте должни да го објавите на Веб страната како би се информирале сите акционери и за мене тоа не е одговорено-------

Второто прашање на Адвокат Аце Ѓоршевски се однесува на состојбата на Автокамп Љубаништа. И на претходното собрание прашав дали сте запознати со состојбата што се случува таму, дали сте излезени на терен, таму се градат цели градби, има оптоварување на недвижен имот, потоа ќе има дополнителен процес за легализација и ќе се влезе во многу спорови за легализација, а имотот е на РМ. Приватизирано е само земјиште под објект, а имате точка седум во Решението која гласи дека ќе продолжи кога ќе се донесе урбанистички план. Таму сега се случуваат градби кои подоцна би предизвикале судски спорови----------

Извршниот директор Оливера Ставрова одговори дека тоа се само времени објекти и фирмата што го држи под закуп Автокампот Љубаништа си има валиден договор на 10 години со тоа што ги почитува сите права и обврски согласно Договорот, а се што е надвор од Договорот имаат обврска да го вратат во првобитна состојба, така да таму нема никаква штета направено на Охридтурист, дури кампот е толку развиен, толку има зголемување на приходите низ годините, заради тоа што го развиваат кампот, привлекуваат гости, дури од оваа година почнаа да работаат и вон сезона. Секое зголемување значи и процент на приход за Охридтурист, а правно сме заштитени со тоа што закупецот има обврска се што е направено надвор од договорот да се врати во првобитна состојба. Сите тие објекти таму се од времен карактер и по престанувањето на Договорот за закуп закупецот има обврска истите да ги тргне, тие се нивна лична сопственост и ние немаме право да им ги земеме----------

Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека прашањето било дали е таму пратена комисија да види што се случува таму, на што Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека Одборот на директори разговарал по тоа прашање и одлучено е да се испрати истата стручна комислија што беше во хотел Десарет и да направи увид на сите инвестиции што се по пат на грантови, ипарди од Фондот за иновации и да се утврди правата пазарна вредност бидеќи тоа што е одобрено треба да влезе во сопственост на Охридтурист--

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека ова што е кажано да се објави на Веб страната на друштвото како одговор----------

Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека Охридтурист води сметка, сноси одговорност за тоа се да биде како што е потпишано во Договорите, секоја година носат се повеќе приходи за Охридтурист се во рамки на закон и пропис.----------

Третото прашање е упатено да се даде одговор на платените 1.200.000,00 ЕУР како штета во судска постапка во услови кога АД Охридтурист Охрид поднесе тужба за надомест на штета, беше поднесена противтужба, Охридтурист го изгуби тој спор, се плати 1.200.000,00 ЕУР, тоа е штета на акционерите о побарав и на претходните собранија да се поднесе тужба за надомест на штета од оние кои што дозволија да се води таа постапка о да се иницира таа постапка, дека има рокови по закон каде што треба да се поднесе таа тужба. Прашањето е дали Адвокатите во друштвото преземаат нешто во врска со тоа, инсистира на таа постапка, причинета е штета, документирана е штета, дали се презема нешто----------

Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека и минатиот пат кажала дека има ревизија на Врховен суд и се чека истиот да се произнесе по

второстепената пресуда на апелација, а инаку како што знаете правосилното решение е во корист на Два Бисера, чија што фирма е на сопругата на акционерот Екстра Скопско, фактички непосредно тие 1.200.000,00 ЕУР што ги кажувате се отидени во фирма на сопственост на сопругата на сопственикот на Екстра Скопско----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека тоа се последиците, а тој ги бара причините, на што Извршниот директор Оливера Ставрова кажа дека се чека ревизија на Врховен суд да се произнесе----------
За збор се јави Џемал Рахман која кажа дека не знае за писмото за Палас, а во Записникот од претходното собрание стои дека Извршниот и Генерален директор Оливера Ставрова кажала дека ќе има подетален одговор на Веб страната на друштвото, а тоа го нема од што патиме ние малите акционери. Воедно тој кажа дека јас сум тој што се обрати до Правобранителот кој се јави на претходното собрание со цел да не штити нас малите акционери и нивните државните акции. За хотел Палас кажа дека има Одобрение за реконструција и адаптација на хотел Палас од 2017 година, има доставено известување до општина Охрид дека законски е отпочнато со градба на хотел Палас и на Веб страна до ден денеска нема никакви одговори како би се информирале акционерите----------
Друг не се јави за збор и се премина кон гласање за усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 04.09.2024 година. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.969 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието едногласно го усвои Записникот од седницата на Собранието на акционери одржана на ден 04.09.2024 година со 138.969 гласови "За" ----------
Се премина со работа на **третата точка од дневниот ред** "Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати годишна сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година----------
-Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година----------
-Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година----------
-Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година----------
Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година----------
-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2024 година" ----------
Пред одржување на ова Собрание Одборот на директори изврши контрола на Годишната сметка, Извештајот на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Извештај од Службата за внатрешна контрола, во АД Охридтурист Охридза 2024 година и Извештајот на Одборот на директори, ги разгледа предложените предлог одлуки и донесе Одлука истите да му се достават на

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

Собранието за разгледување и усвојување----------
Во врска со оваа точка изготвена е Годишна сметка, Извештај за остварените резултати од работењето за 2024 година, Извештај од извршената контрола на годишната сметка за работењето на Друштвотото за 2024 година на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Извештај за работата на Одборот на директори за 2024 година кои се уредно објавени и ставени на увид на акционерите----------
По однос на материјалите за оваа точка, предлагам доколку некој се јавува за збор да се произнесе, па да се отвори расправа по истите и на крајот да се донесат одлуки по нив.----------
Давам збор на Генералниот директор Оливера Ставрова по однос на годишниот извештај----------
Генералниот директор Оливера Ставрова истакна дека согласно Законот за трговски друштва Извршниот директор на Одборот на директори до Одборот на директори доставува годишен извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година, со цел Собранието на акционери на годишното собрание на акционери да одлучува за одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година. Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето врз основа на утврдените приходи и расходи во 2024 година. Вкупната актива на Друштвото со состојба на ден 31.12.2024 година изнесува 2.268.330.518,00 денари и ја сочинуваат материјални средства, тековни средства и пресметани трошоци за идни периоди и пресметани приходи----------
Во 2024 година се зголеми вредноста на земјиштето за 674.596.089,00 денари и сега истата изнесува 693.022.632,00 денари, а додека вредноста на градежните објекти се зголеми за 1.244.233.535,00 денари и сега истата изнесува 1.533.573.083,00 денари како резултат на сметководствена евиденција на проценка на земјиште и објекти што беше побарана и изработена за сметководствена евиденција. Вредноста на опремата на 31.12.2024 година изнесува 615.092,00 денари, а тековните средства се со вредност од 17.969.366,00 денари, а додека паричните средства на крајот на 2024 година со состојба на 31.12.2024 година изнесуваат 5.497.953,00 денари. Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи од идните периоди. Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви, ревалоризационите резерви, акумулираната добивка, пренесената загуба, добивка за деловната година и истата изнесува 2.247.184.435,00 денари. Краткорочните обврски во 2024 година изнесуваат 10.362.872,00 денари и се однесуваат на име обврски спрема добавувачи и обврски по основ на бруто плати за месец декември 2024 година кои се исплатено во месец јануари 2025 година----------
Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се примени однапред, а се однесуваат за подолг временски период како однапред платени закупнини и во 2024 година изнесуваат 10.783.211,00 денари Меѓу позначајните приходи од 2024 година кои се пренесени во 2025 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид и Семафор Комерц-Р Охрид. Во 2024 година приходи по сите основи изнесуваат 61.688.780,00 денари и се приходи од наемнини и останати приходи од работењето. Најголемо учество во структурата на вкупните приходи од 63,38% или 39.035.630,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени од префактурирање на струја, бруто плата, вода, телефонски услуги и сл. и истите се во износ од 22.450.909,00 денари. Приходите по основ на префактурирање на електрична енергија се во износ од 14.681.321,00 денари, а 8.570,00 денари се приходи

наплатени од стари судски постапки и останати приходи се приходи од префактурирање на трошоци за поставување на урбана опрема пред хотел Десарет и надомест од Фонд за води во износ од 128.289,00 денари.----------
Расходите по основ на сите основи за деловната 2024 година се во износ од 53.646.156,00 денари. Трошоците на материјали се во износ од 75.259,00 денари, трошоците за енергија изнесуваат 15.300.583,00 денари, комунални услуги во износ од 436.602,00 денари, интелектуални услуги во износ од 2.350.389,00 денари, бруто плати во износ од 12.474.810,00 денари, надомест за членовите на Одборот на директори во изнод 478.510,00 денари, за пензионирање на вработени износ од 235.330,00 денари, за регрес на годишен одмор 406.978,00 денари, амортизација исто така е значајна ставка во износ од 16.521.762,00 денари, трошоци за организиран превоз на вработени во износ од 16.800,00 денари, трошоци за репрезентација во износ од 23.527,00 денари, трошоци за банкарски услуги 61.426,00 денари, за осигурување 545.781,00 денари, за данок на имот 3.049.068,00 денари, за Централен депозитар 38.619,00 денари, за огласи 41.365,00 денари, по основ на менаџерски договори и договор на дело 410.205,00 денари, така да сите овие расходи и данокот на добивка од 806.875,00 денари го носат АД Охридтурист во остварување на добивка по одаочување во износ од 7.235.749,00 денари. Тое е накратко извештај за работењето за тековната 2024 година и праша дали некој има прашања по истиот----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој побара свој Извештај да поднесе и претставникот од Ревизорската куќа и заедно да се расправа по истите.----------
Претседавачот упати честитки до Одборот на директори за работењето и остварената добивка на Друштвото во 2024 година со порака да продолжи така и во иднина и даде збор на претставникот на Ревизорската куќа, Костадинка Китановска да поднесе Извештајот на работењето од Ревизорската куќа за 2024 година----------
Претставникот на Ревизорската куќа, Костадинка Китановска истакна дека е извршена ревизија на финансиските извештаи согласно стандардите за ревизија и нивна задача била да утврдат дали Извештаите се изготвени во согласност со меѓународно утврдените стандарди кои се објавени и прифатени во Република Северна Македонија. Изразивме мислење дека финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба, финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува на 31.12.2024 година----------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка и праша дали некој бара збор----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека со оглед на тоа да се објавени податоци за работењето на Веб страната како материјал за денешното собрание, а при тоа дел од тие материјали кажуваат но не доволно објаснуваат би побарал некое објаснување што има позади тие одлуки и тие извештаи кои што се изготвени и дадени во писмена форма согласно закон. Тој стакна со оглед на тоа да има преглед од одржани седници на Одборот на директори во тој преглед на страна 4 стои дека под точка 12 Седницата на Одбор на директори одржана на ден 05.12.2024 година Разгледување на поднесено барање со преглед инвестиции од Кампинг 2020 ДОО Охрид. Со оглед на тоа да претходно е кажано нешто од страна на Извршниот директор тој побара од Извршниот директор да одговори да ли овој закупец ги исполнува во целост обврските кои што ги има преземено во Договорот, а согласно кој има преземено сериозни обврски кој треба да ги почитува по Договорот за закуп и на што се однесува ова барање----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека нивното барање се однесува конкретно на инвестициите што ги имаат направено, а се одобрени

од страна на Одборот на директори, а за кој што имаат финансирање прибрано од Фонд за иновации, од Ипард, од некои други извори на финансирање каде што имаат обврска фактички пет години да не го оттуѓуваат, нивното барање е да се формира стручна комисија која на лице место ќе ја утврди правата вредност на тоа што е изградено и направено согласно одлуките на Одборот. Откако ќе се утврди тоа треба да се пристапи кон утврдување на тоа ако е поминат период од 5 година да се стави во книгите на Охридтурист. Тоа е конкретно нивното барање и тогаш Одборот на директори, фактички затоа што комисијата која беше формирана претходно добро и стручно ја заврши работата во хотел Десарет, побара истата комисија да стапи во контакт со нив како би излегла на лице место и сме во комуникација со нив----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна сепак да се води сметка за видот на градбите кој се таму да подоцна не би имало штетни последици. Потоа Адвокат Аце Ѓоршевски продолжи кон точка 13 има седница од 16.12.2024 година каде има донесување на одлука и разно, а нема ништо информација во прегледот.----------

Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека сите Одлуки и Записници од седниците на Одборот на директори им се доставени, Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека тоа се однесува и на останатите акционери кој треба да знаат, а не само Екстра Скопско, прашањето е зошто нема образложение на која одлука се однесува, а Извршниот директор Оливера Ставрова кажа дека на истото писмено ќе биде одговорено----------

Исто така Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека имал прашање нешто околу Теди Комерц, имаше одлука на претходното собрание околу пребивања и комисијата околу проценки, пребивања и таа комисија ја заврши работата. Извршниот директор Оливера Ставрова се надоврза на тоа и кажа дека комисијата ја заврши работата и утврди колку е инвестицијата во тие 112 соби и од вкупната инвестиција пријавена од негова страна околу 22.000.000,00 денари дека комисијата утврди тоа вреди 12.000.000,00 денари и за 12.000.000,00 денари Охридтурист презема обврска да ја компензира со закупот со варијабилниот дел како процент од 6% од вкупниот промет остварен во хотелот, а закупот му се менува од 40.0000,00 ЕУР годишно на 115.000,00 ЕУР годишно, фиксниот дел се зголемува, фирмата не е тука оштетена----------

Адвокат Аце Ѓоршевски праша што се случува со рокот, Извршниот директор Оливера Ставрова кажа дека рокот е до мај со тоа што доколку не се откаже од било која страна автоматски се продолжува уште за 2 години, односно доколку една од страните не го раскини 6 месеци пред истекот на договорот дека автоматски продолжува договорот за дополнителни 2 години, но има исто така клаузула доколку било во кој момент во постапка на стасусни промени дека може во секој момент да се раскине договорот. Адвокат Аце Ѓоршевски праша дали навреме се исплаќа закупот дали е се во ред, а Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека има нова кредитна политика на неделно ниво и се пуштени опомени до сите што не ги исполнуваат обврските, има две опомени во процедура, а за трета опомена се даваат да одлучува Одборот на директори што понатака да се изнајди начин за наплата----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна во контекст на постапката за статусни промени и продолжувањето на Договорите за закуп да се внимава да има клаузула за извршна исправа кај сите, затоа што може да се потпишува некоја спогодба за делба а при тоа да има товар во постапка на статусни промени----------

Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека се внимава на тоа и сите договори за закуп се склучуваат за период од 1 година, со исклучок е за хотел Десарет на 5 години со можност за продолжување од 2 години и

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

Автокамп Љубаништа е 5 плус 5, но сето тоа е пред Одлуката за отпочнување на статусни промени----------
Потоа Адвокат Аце Ѓоршевски се осврна во делот на извештајот за работењето истакнувајќи при тоа дека составен дел е по закон податоци за примањата од вработувања за членовите на Одборот на директори, дадени се како износи, а не даден податок за вработување или за потекнување на приходите, има приходи а нема дали е од работен однос или друго работење на друго место или било каде.----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека до сега секогаш вака се изработувал извештајот, дека во извештајот е наведено кои се од Охридтурист а кои од други друштва без да се наведува кои се тие----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека во деталниот извештај се наведувале и податоците за вработувањето од каде се приходите и каде е во работен однос секој од членовите на Одборот на директори да би се имало јасна претстава од каде доаѓаат тие, дека тоа е по закон така, а Извршниот директор Оливера Ставрова кажа доколку е по закон така во иднина сето тоа ќе го става во Извештаите.----------
Потоа Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека има прашање кое би можело и ревизорот да го одговори како едно појаснување во делот на одлуката што е за покривање на загуба. Имено имаме покривање на загуба од акумулирана добивка и од ревалоризираната резерва што се констатира, дали е тоа во рамки на закон и дали е тоа во ред.----------
Претставникот на МУР СТИВЕНС кажа дека сето тоа е по закон и загубата се покрива од акумулирана добивка----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека нема потреба да се внесуваат премногу ставки дека се покрива загубата од акумулираната добивка и ревалоризираните резерви, така што загубата се намалува и ќе продолжи да се намалува се додека целосно не се покрие и да се добијат чисти биланси----------
За збор се јави акинерот Џемал Рахман кој се осврна по материјалите за работењето во деловната 2024 година и истакна дека иако друштвото е во добивка но гледано од сите аспекти тоа не е некој голем успех. Во секој случај Охридтурист ќе е во добивка ако нема некоја ненормална работа како лани што бевме во загуба и плативме 1.200.000,00 ЕУР оштета. Ако се гледа од приходите, приходи нема тоа се само закупите. Што се однесува до ставката на расходи мене ме интересира извештајот за интелектуални услуги и сакам да потенцирам каде што на одредени структури им одговара да се даваат позамашна сума пари, лани се дадени 2.246.000,00 денари за интелектуални услуги, а најголема ставка е ставката трошоци за проценители, трошоци за адвокатски услуги, трошоци за вештачење, кај што се сака се дава пари, а пари за малите акционери нема. Исто така и трошоци за надомест на Одборот на директори и тука има зголемувања, очигледно повеќе е работено, а според него освен Генералниот директор Оливера Ставрова друг нема никој. Останатите членови би требало денеска да се присутни но освен Оливера нема никој. Имавме барање да и се достават записници од Одборот на директори што е одлучувано, а добивме само некои штури извештаи, дека скоро сите се одржани преку телекомуникациска врска без лично присуство.----------
Претседавачот Бети Недева укажа дека во секое време можат да се обратат во Охридтурист и по закон да ги добијат сите потребни информации-
Потоа акционерот Џемал Рахман се осврна во извештајот за вработените, истакнувајќи дека за некоја година сите ќе си одат во пензија и би било добро истите малку да се наградат, а додека вработените кај закупците се во уште понезавидна ситуација. Што се однесува до Извештајот од МУР СТИВЕНС, добро е што сега има нивни претставник, а минатиот пат немало, додека порано извештаите ги подготвувале со месеци сега ги подготвиле за

3 недели. Што се однесува до внатрешниот ревизор воопшто не го видовме и не го знаеме кој е. Не гледам во извештајот информација за статусни промени, ревизорите земаат пари две години поминаа а статусни промени нема. Минатиот пат имавте ставено точки за продажба на објекти, а сега оваа седница баравте повторно да се продаваат објекти----------
За збор се јави Претседавачот Бети Недева по однос на наводите, најпрво затоа што се спомнаа статусните промени повторно и на ова Собрание за малите акционери да надополнам со Пресуда од Основен Граѓански суд ТС1 294/21 се задолжи тужениот Друштво М-6 Светлана и остани ДОО Скопје да ја исполни обврската по Договорот склучен со Екстра Скопско од 14.09.2009 година на начин што ќе ги превземе сите потребни активности за да се отпочне постапка за структурални и статусни промени во АД Охридтурист Охрид со издвојување на тужителот Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид како акционер, во рок од 8 дена по приемот на пресудата. Од наведениот петитум произлегува дека обврската за исполнување гласи М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и тоа по основ на договор склучен помеѓу М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид од 14.09.2009 година.М-6 Светлана и останати ДОО Скопје постапил во рокот определен од судот за исполнување на пресудата на начин што до Собранието на акционери на АД Охридтурист Охрид доставил предлог за одржување на акционерско собрание со ставање на дневен ред точка која гласи "Отпочнување на постапка за структурални-статусни промени во АД Охридтурист Охрид со издвојување на тужителот Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид како акционер". Тоа акционерско собрание со таа точка на дневен ред е одржано на ден 14.07.2023 година. Ова значи дека со ставањето на оваа точка на дневен ред на акционерското собрание, М-6 Светлана и останати ДОО Скопје во целост ја исполнил својата обврска по пресудата ТС1 294/21 од 04.05.2022 година која станала правосилна на 06.04.2023 година. Без оглед на фактот што Основниот Граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје донеле одлука која што е во спротивност со одредбите на Законот за трговски друштва и директно се вмешале во автономијата на одлучувањето на секој акционер поединечно, М-6 Светлана и останати ДОО Скопје и покрај овој факт оваа обврска од цитираната пресуда ја исполнил во целост. Цитираната пресуда не содржи обврска за АД Охридтурист Охрид, па оттаму наводите на акционерот Џемал Рахман, а претходно и полномошникот на Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид за наводно донесена одлука за делба од страна на судот се неосновани. На ден 14.07.2023 година Собранието на акционери на АД Охридтурист Охрид по предлог на М-6 Свелана и останати ДОО Скопје донело одлука со која се прифаќа предлогот на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје за донесување одлука за отпочнување постапка за статусни промени на АД Охридтурист Охрид. Со цитираната одлука се овластува Одборот на директори да ги отпочне сите потребни активности за спроведување на оваа одлука, а особено да ангажира соодвентни финансиски советници за проценка на имот, да ангажира соодветни правни советници да го идентификува видот на статусната промена која ќе ја регулира со издвојување на акционерот Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид. Од наведената одлука произлегува дека со оваа одлука се овластува Одборот на директори да ангажира консултанти со цел да се утврди моделот на делба и да се изврши процена на имотот, што значи дека без утврден модел на делба и утврдена проценка на имот не може да стане збор за донесена одлука за делба на друштвото, бидејќи не е утврден начинот на кој друштвото ќе се дели и не е извршена проценка на имотот. Постапувајќи по оваа обврска Одборот на директори по спроведена постапка за прибирање на понуди ја избрал Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје да ја изготви проценката и да го идентификува начинот на делба. Ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје во

определениот рок изготвил извештај со кој дал предлог на кој начин ќе се дели друштвото и ангажирал проценителска куќа која извршила проценка на капиталот на друштвото. Тој материјал како точка на дневен ред е доставен на Собранието на акционери одржано на ден 04.09.2024 година. Акционерот Џемал Рахман и полномошникот на Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид не само што гласале против оваа точка, туку истата ја оспориле и пред Основниот суд Охрид, за што преку Апелациониот суд Битола успеале да издејствуваат привремена мерка. Оваа времена мерка значи дека одлуката со која е усвоен извештајот за проценка и со која е идентификуван начинот на делба не може да се спроведе до правосилно завршување на постапката пред Основен суд Охрид. Токму поради тоа што беше оспорен извештајот на МУР СТИВЕНС како од страна на акционерот Џемал Рахман така и од страна на Екстра Скопско станува звор за наводно непроценет имот од страна на проценителот и наводно утврдена помала вредност на капиталот за 11.000.000,00 ЕУР. Меѓутоа и во овој случај произлезе манипулација на акционерот Екстра Скопско бидејќи во извештајот на проценителот детектиран е имот од околу 65 квадрати земјиште под зграда каде сопственик е РМ. Доколку сопственик на тој имот е РМ тој имот не може да биде проценет како имот на Друштвото, бидејќи правото на сопственост на тој имот го има друг субјект, во случајов РМ. Но она што не е јасно е како акционерот Екстра Скопско успеал овие 65 квадрати да ги претвори во 11.000.000,00 ЕУР со кој износ и манипулира во текот на судските постапки. Од тука напоменувам дека правната последица од забраната која ја има Охридтурист за примена на одлуката која на денешното собрание е ставена како точка на дневен ред да се стави вон сила, значи дека не е идентификуван моделот на делба на друштвото и не е извршена проценка на имотот на капиталот на друштвото, односно не е утврдена бидејќи не е усвоен извештајот на МУР СТИВЕНС кој беше даден на претходното собрание и тоа значи дека без сеуште неутврдена проценка на вредноста на капиталот и без утврден модел на делба не може да се постапува по одлуката за отпочнување на постапката за структурални промени донесена на 14.07.2023 година. Во никој случај не станува збор дека имаме статусни промени како што наговестивте----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој се осврна на излагањето на Бети Недева истакнувајќи дека се користени формулации кои се користеле во судската постапка и некој кој што е суд кажал дека тие се неосновани, а основани се наводите на тужителот, односно Екстра Скопско и ќе ви кажам зошто: прво Вие си дозволивте да кажете дека со тоа што М-6 гласал по таа точка завршила неговата работа, но тоа е далеку од здрав разум бидејќи одлуката е согласно договор, а договорот е за издвојување. М-6 мора да гласа за секоја одлука која што ќе биде во согласност со закон и прописи за издвојување на Екстра Скопско. Негласањето за таа одлука значи дека М-6 ќе плаќа пенали по таа судска одлука, а тоа произлегува од нешто што е потврдено со судски одлуки и кажа дека истата ќе ви ја поделам, вие сметате дека е добиена на незнам каков начин и дека имате сомнеж, односно коментирате правосилна судска одлука и кажувам дека не е исполнета обврската по Пресудата и Договорот од 2009 година со тоа на М-6 што поднел барање за да можи да се стави на дневен ред покренување на постапка за статусни промени. Обврската на договорот од 2009 година е активна, има и други обврски по договорот од 2009 година и по тој Договор М-6 има обврска да гласа за издвојување на Екстра Скопско во постапка која е заснована на закон и прописи. Вие рековте дека Екстра Скопско се служи со манипулација, Екстра Скопско не се служи со манипулација, ангажира овластен геодет да кажи дали тоа што е евидентирано во проценката од Завод за вештачење-Скопје е целиот имот на Охридтурист,

тој кажа не е целиот имот на Охридтурист дека не се само тие 65 квадрати, не се се влезени 175 квадрати од Комлекс Летница не е влезен вториот објект во Славија и има многу други забелешки и тоа не е манипулација. Тие 11.000.000,00 ЕУР кои ги кажувате дека е потценет имотот, ангажиран е проценител кој кажа дека на база на проценка на она што е имот од аспект на примена на методологија има пропусти во примена на методологија, напишани се кај се тие пропусти и со тие пропусти капиталот е потценет на 11.000.0000,00 ЕУР. Доволно е да се види на која основица се плаќа данок кон државата. Општина Охрид го цени имотот на 50.000.000,00 ЕУР, а Завод за вештачење го цени на 36.000.000,00 ЕУР, 14.000.000,00 ЕУР помалку. Ја имаме државата како акционер, како може да гласаме за нешто што е спротивно на закон, некој тоа ќе ни го поништи. Писмено се обративме до Одборот на директори и баравме пред тоа собрание од 04.09.2024 година да има состанок, Одборот на директори одби со образложение дека било време на одмори, а некои членови биле болни и не можело да се одржи состанок и се беше сведено на тоа дека Антонио од МУР СТИВЕНС не сака да има работен состанок. И во таков случај мојот став беше да се одложи таа точка да не ја гласаме за да се расчисти состојбата и да имаме чиста ситуација со проценката, но тоа не се прифати и собранието гласаше за таква проценка со такви забелешки. И сега имаме друга ситуација, поднесовме тужба, судот стави времена мерка и во однос на проценката и во однос на продажбата на хотел Десарет. Претседавачот Бети Недева праша каква е одлуката на Основниот суд Охрид по однос на времената мерка, на што Адвокат Аце Ѓоршевски одговори дека Одлуката на Основен суд Охрид е дека не се исполнети условите за издавање на времена мерка. Има Закон за трговски трговски друштва кој ги штити малцинските акционери и ние викаме дајте да го решиме тоа, ако вие сакате продажба на имот и не сакате развој, ние сакаме развој и сега немојте да барате вина дека Џемал Рахман и Екстра Скопско гласале против. Има правосилна судска одлука. Дали вие знаете како полномошник на М-6 дека Екстра Скопско со најдобра намера поднесе Барање до Одбор на директори на два наврати за работен состанак и на второто барање Одборот на директори прифати работен состанок, но на тој работен состанок во февруари 2025 година дојде само Оливера и никој друг, а се беше со цел да се усогласат ставовите. Сега ќе ја поделам судската одлука па нека знаат присутните кој прави манипулација и кој не спроведува правосилна судска одлука и зошто се прави штета. Мое мислење е дека овде Одборот на директори е ставен во многу неблагодарна ситуација со можност да одговара поради тоа што одолговлекува постапка и причинува со тоа штета и се надевам со тоа што се повлече седмата точка ќе се најде начин да се продолжи понатаму со соработка.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски до присутните акционери и нотарот достави примероци од Барање од Екстра Скопско ДООЕЛ Косел Охрид до АД Охридтурист Охрид за Одборот на директори заведен во Екстра Скопско под број 03-18/1 од 22.01.2025 година, а во АД Охридтурист заведен под број 03-22 од 22.01.2025 година, како и Решение ТСЖ-239/24 од 24.12.2024 година донесено од Апелациониот суд во Битола----------

Акционерот Џемал Рахман кажа дека според него М-6 не ги исполнил своите обврски и Одборот на директори треба да ги исполни своите обврски до крај и за мене сеуште не се завршени статусните промени, ние претходно имавме статусни промени и тие завршија за неколку месеци. Согласно судската одлука се застапени само интересите на големите акционери, а не и на нас малите акционери.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека сегашните статусни промени се база на правосилна судска одлука, додека претходниот модел беше со Издвојување со план за поделба на база на договор. Ние не бевме против

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

моделот, ние бевме против проценката, а во Извештајот беа ставени како една точка и затоа баравме да се усогласи проценката.----------
Друг не се јави за збор и расправата беше заклучена и се премина кон гласање по предложените Одлуки од дневниот ред и тоа за точка поединечно----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварени резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година со 87.738 гласови "За"----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на годишната сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година со 87.738 гласови "За"----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид во 2024 година со 87.738 гласови "За"-------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид со 87.738 гласови "За"----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС-Скопје за 2024 година со 87.738 гласови "За"----------
Се гласаше јавно и тоа поединечно за Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" 591 гласови------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година со 87.738 гласови "За"----------
По однос на Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2024 година Претседавачот истакна дека се гласа за секој член поединечно. Составот на Одборот на директори е следен: Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член, Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори, Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор, Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

директори и Златко Ивановски-Неизвршен и независен член на Одборот на директори. Се премина кон гласање. Се гласаше јавно и поединечно и тоа:----
За одобрување на работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" 591 гласови----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Борче Илиоски-Претседател на Одборот на директори и Неизвршен член----------

-За одобрување на работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" 591 гласови----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Филип Медарски-Неизвршен член на Одборот на директори----------

-За одобрување на работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор гласале 88.185 гласови "За", "Против" 50.193, "Воздржани" 591 гласови----------

Претседавачот констатира дека со 88.185 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Оливера Ставрова-Извршен член на Одборот на директори и Генерален директор----------

-За одобрување на работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" 591 гласови----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Снежана Славкова-Неизвршен член на Одборот на директори----------

-За одобрување на работата на Златко Ивановски-Неизвршен независен член на Одборот на директори гласале 87.738 гласови "За", "Против" 50.640, "Воздржани" 591 гласови----------

Претседавачот констатира дека со 87.738 гласови "За" Собранието ја одобри работата на Златко Ивановски-Неизвршен и независен член на Одборот на директори----------

---

Претседавачот констатира дека согласно дадените гласови за секој од членовите посебно од Одборот на директори Собранието на акционери донесен одлука со која ја одобрува работата на сите членови на Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид како во предлог одлуката----------

Се премина со работа на **четвртата точка од дневниот ред** "Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година"----------

Претседавачот отвори дискусија по материјалите и излагањата оваа точка од дневниот ред и му даде збор на Генералниот директор Оливера Ставрова-----

Генералниот директор Оливера Ставрова истакна дека се пристигнати 3 (три) понуди и тоа: РСМ, КРЕСТОН и МУР СТИВЕНС. РСМ И КРЕСТОН имаат дадено понуда 6.000,00 ЕУР без ДДВ, а МУР СТИВЕНС има дадено понуда 2.500,00 ЕУР без ДДВ и нејзин предлог е да продолжи МУР СТИВЕНС да ја врши ревизијата и за 2025 година.----------

Се отвори дискусија и за збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека истите ревизорски куќи за истите вредности биле дадени и на претходното собрание од Извршниот директор Оливера Ставрова, како и предлогот да се продолжи работата и во наредната година со истата ревизорска куќа МУР СТИВЕНС, несакајќи да навлегува во дискусиите кои и тогаш ги кажал, веќе 20 години истата ревизорска куќа, причините и слично, тој тогаш бил против образложувајќи ги тогаш причините поради кои гласал против, а сега има

дополнителна причина да биде против, затоа што МУР СТИВЕНС со одбивање на седнување да се одговори на забелешките од проценителот и од геодетот во постапката за статусни промени која е во тек беше причина да се води судска постапка и причина да не се расчистат тие работи претходно пред да се гласаат на собрание за се избегне водење постапки, причинување на штета и плаќање на трошоци. Вие сами рековте дека Екстра Скопско немаше против Ревизорската куќа МУР СИВЕНС, сметајќи дека тие се оние кои ја познаваат фирмата, Завод за вештачење, Владо има претходно направено проценки, колегата Панче има рационален став кој го ценам дека почитува закон и пропис со ставот за моделот "Издвојување со преземање" и при една таква состојба очекувавме дека оваа консултантска куќа ќе собере храброст да седни на маса да се разгледаат забелешките, да се одговори и да знаеме и ние и Одбор на директори што ќе гласаме на Собрание. Приказната се повторува. Побарана е повторно средба како што кажав порано, присуствуваше само Оливера, а МУР СТИВЕНС . никаде го немаше. Не можам да гласам од причини што ако тој е 20 години во фирмата и гледа дека фирмата има проблем и судски процеси, тој место да биде кооперативен тој е деструктивен. За мене е предизвик да биде присутен колега проценител, колега адвокат да полемизираме примена на закон, ама да се бега од предизвик од типот како што кажа Оливера Ставрова ќе се одговори написмено. Зедоа 20.000,00 ЕУР земаат за нивната проценка а не сакаат да седнат ако некој има забелешки на нивната проценка. И затоа апелира од Извршниот директор Записникот што го води нотарот да им се даде да го прочитаат да знаат дека имаат обврска спрема акционерите да седнат со проценителите да знаеме каде се движиме. Пак ќе имаме проблем, проблем е имаме малцински акционери, имаме држава каде што може да одговараме сите, а не сакам да одговараме за нешто што тие се должни да го бранат тоа пред нивни колеги, нема да се бара виновник или некој да се осудува тука бараме да се усогласат. И затоа јавно кажувам дека нема да гласам за ова----------

За збор се јави Катерина Ристова Ризов како полномошник на еден од акционерите и побара да се усвои предлогот за МУР СТИВЕНС за ревизорска куќа за 2025 година од причини што е најповолна понуда од веќе доставените понуди----------

За збор се јави Џемал Рахман кој истакна дека е доста веќе од МУР СТИВЕНС, знам дека ќе го гласате, најдете некој друг. МУР СТИВЕНС го кошта Охридтурист на 2.000.000,00 ЕУР штета што има претрпено од неговите консултации и извештаи. Како што беше кажано веќе 2 години се тука недовршени работи, недовршени ревизии и јас ќе гласам против МУР СТИВЕНС----------

Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор Претседавачот ја заклучи расправата и се премина кон гласање за предлогот МУР СТИВЕНС да биде ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2025 година. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови гласови, "Против" 51.231 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог Одлуката со која МУР СТИВЕНС ДОО Скопје е избрана за ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД Охридтурист Охрид за 2025 година со 87.738 гласови "За"----------

Се премина со работа кон **петтата точка од дневниот ред** "Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје број 0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собранието на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година"----------

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

Претседавачот отвори дискусија по материјалите и излагањата по оваа точка од дневниот ред----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека со оглед на тоа има предлог одлука а нема образложение на потребата од носењето на ваква одлука би побарал, свикувачот Одборот на директори да се произнесе за образложението пред акционерите са ставањето на оваа точка на дневниот ред.----------
За збор се јави Председавачот кој побара да даде образложение како полномошник на М-6. Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека образложението треба да го даде Одборот на директори.----------
За збор се јави Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека и едната и другата одлука предложи да се поништат, фактички да се стават вон сила од причина што е поведена судска постапка и да се прекине судската постапка по тие две точки. Тоа беше размислувањето на Одборот на директори при предлагањето на овие точки----------
Адвокат Аце Ѓоршевски праша што стана со постапката за статусни промени. Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека не стана збор за статусните промени туку само за овие две одлуки се разговараше дека штом се води судска постапка трае и ќе се одолговлечи процесот и затоа се предлага да се стават вон сила тие две одлуки.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека ако Одборот на директори ставил точка да се отповика одлуката, а при тоа имате образложение дека има судска постапка, тоа значи дека признавате дека сте погрешиле, Охридтурист погрешил, Собранието гласало Одлука за која ние баравме да не се гласа, да се одложи, а сега Одборот на директори предлага да се отповика Одлуката.----------
-Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека Одборот на директори предлага да се отповика, а Вие односно Собранието ќе одлучи дали да се отповика.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека Одборот имал потреба да ја стави истата на дневен ред, а при тоа за него е несватливо да се става ваква точка, а при тоа нема што потоа. Логичен одговор би бил ставена е затоа што се води судска постапка бидејќи судот утврдил дека е ништовна, спротивна на закон и јас немам проблем со тоа. Но проблематично е прашањето што потоа не одговарате на тоа----------
Извршниот директор Оливера Ставрова кажа дека не може во овој момент да каже што потоа, дека за тоа ќе одлучува Одборот на директори. До овој момент има само дека треба да се отповика таа одлука, а во име на целиот Одбор на директори не може да каже што потоа----------
Адвокат Аце Ѓоршевски се осврна на документите кои ги доставил кој гласи Одговор на дописи разгледани на Одбор на директори во врска со доставени барања, две барање Ве известуваме дека согласно Заклучок на Одборот на директори донесен на ден 11.02.2025 година, Одборот на директори се согласува да оствари средба со Екстра Скопско и да се договори термин----------
Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека е точно дека е договорен термин и е одржан состанок. Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека тоа не беше работен состанок туку работна средба. Извршниот директор Оливера Ставрова истакна дека бил работен состанок на кој била присутна само таа, дека МУР СТИВЕНС и Завод за вештачење дека нема да присуствуваат, а од Одборот на директори е задолжена таа да присуствува и да им пренесе што се случувало на тој состанок, таа го информирала на Одборот на директори за случувањата на таа средба преку емаил а, не на седница бидејќи не е одржана седница и не може да каже во име на Одборот на директори што понатаму----------
Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека апелира до Одборот на директори да се

закаже тој работен состанок на кој што овластените лица од консултантската куќа, заедно со Одборот на директори и овластените лица од Екстра Скопско заедно со лиценцираните геодети, проценител, ревизор ќе седнат на маса да ја усогласат проценката и забелешките и да ни дадат предлог како можеме да се движиме понатака. Тое е логичен одговор за него, затоа што во спротивно Одборот на директори влегува во ситуација да му причинува штета на акционерот Екстра Скопско кога има Одлука на собрание на акционери да се спроведе постапка, а при тоа не се реализира постапка. Би апелирал работите да се движат во таа насока да можеме да имаме разбирање. Фактот што Одборот на директори одлучил да се стави оваа точка на дневен ред без дискусија на Одборот на директори е само признание на грешката која ја направи Собранието на акционери кога се гласаше таа одлука и не се одложи гласањето по таа точка----------

За збор се јави Илија Ѓоргиевски како полномошник на акционерот Здравко Ѓорѓиевски кој праша дали оваа точка би се повлекла доколку немаше судска постапка----------

Извршниот директор Оливера Ставрова одговори дека веројатно немаше да биде повлечена, Одборот само ги спроведува одлуките на собранието, а сега Одборот на директори само предлага одлуки по кој треба да одлучи Собранието, Собранието на акционери носи одлуки и Одборот на директори мора да постапува по одлука на акционерите, во кое донесување учествувате и вие малите акционери----------

Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор Претседавачот ја заклучи расправата по оваа точка и предлогот за донесување на Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје број 0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собранието на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година го стави на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови гласови, "Против" нема и "Воздржани" 51.231 гласови------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од МУР СТИВЕНС ДОО Скопје број 0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собранието на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година со 87.738 гласови "За"----------

Се премина со работа кон **шестате точка од дневниот ред** "Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочување на постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година"---

Претседавачот отвори дискусија по материјалите и излагањата по оваа точка од дневниот ред----------

За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски побара образложение зошто оваа точка е ставена на дневен ред, а Извршниот директор Оливера Ставрова одговори од истата причина како и за претходната точка, беше поведена судска постапка и донесена е времена мерка да не се постапува по истите и од таа причина Одборот смета дека е подобро да се отповикаат тие одлуки, да се стават во сила----------

Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека укажал на претходното собрание да не се гласа по оваа точка која била доставена од страна на акционерот М-6 како дополнување на дневниот ред и побарал во постапка на статусни промени да не се оттуѓува недвижен имот кој е проценет и е предмет на делба, дека тоа е спротивно на закон, Собранието гласаше, судот донесе забрана да не се спроведува таа одлука, односно додека има постапка за статусни промени и делба на недвижен имот не може во таква ситуација да се оттуѓува имот кој е предмет на проценка. Тој ја доставил до присутните

ОДУ
реден број 87/25
(Извод)

Одлуката на апелација и од тука може да се заклучи. Но ми причинува задоволство што е тргната седмата точка од дневниот ред за оттуѓување на недвижен имот, со што се спречени понатамошни судски процеси од што би трпеле сите акционери. И воедно уште еднаш апелира до Одборот на директори да се одржи бараниот работен состанок од страна на Екстра Скопско како не би имало понатамошни проблеми----------
Со оглед на тоа да никој друг не се јави за збор Претседавачот ја заклучи расправата по оваа точка и предлогот за донесување на Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочување на постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година го стави на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови гласови, "Против" нема и "Воздржани" 51.231 гласови----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Предлог Одлука за отповикување на Одлуката број 02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочување на постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година со 87.738 гласови "За"----------
Претседавачот констатира дека точките од дневниот ред за работа на Собранието се исцрпени. Со исцрпувањето на точките од дневниот ред објави завршување и заклучување на седницата на Собранието на АД Охридтурист во 16.47 часот----------
Овој Записник лично го составив се состои од дваесет страници и дваесет листа, и го прочитав на Претседавачот Бети Недева и ја предупредив на правните последици на оваа правна работа----------
Претседавачот Бети Недева изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба----------
Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------

Претседавач: БЕТИ НЕДЕВА с.р.----------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод----------
По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид----------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса----------
Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од шеснаесетилјади денари и трошоци во износ од илјадаиосумстотини денари----------
ОДУ реден број 87/25 Изворник----------
Охрид 25.02.2025 година (ден двасетипетти, месец февруари, двеилјади-дваесетипетта година)----------

Нотар Васил Кузманоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е ___прв___извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени _____/_____ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 87/25

Во Охрид 25.02.2025 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
НОТАР
ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

ТРГОВСКО ТУРИСТИЧКО
УГОСТИТЕЛСКО ДРУШТВО
„ОХРИДТУРИСТ"
бр. 02-80
02.04.2025 год.
ОХРИД

З А П И С Н И К

Од седницата на Вонредното Собрание на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ" - Охрид одржана на ден 02.04.2025 год. со почеток во 12.00 ч. во просториите на Хотел ПАЛАС во Охрид

Со оглед да на претходното Собрание на акционери Председавач беше лицето Бети Недева од Скопје како полн. на акционерот „М6„ДОО Скопје,која не е присутна на Собранието на акционери, од присутните се пристапи кон избор на Претседавач.

Акционерот Џемал Рахман за претседавач на Собранието на акционери го предложи адв Аце Ѓоршевски кој е полономошник на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел Охрид.

Присутните едногласно го усвоија предлогот и за претседавач на Собранието на акционери едногласно беше избран адв Аце Ѓоршевски кој е полномошник на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел Охрид.

Во продолжение Претседавачот побара да се предложи записничар кој ќе го води записникот и бројачи на гласови.

Акционерот Џемал Рахман за записничар ја предложи Павлеска Славица ,а за бројачи на гласови Мирјана Кузманоска и Соња Стефаноска.

Присутните едногласно го усвоија предлогот и за записничар едногласно ја избраа Павлеска Славица ,а за бројачи на гласови Мирјана Кузманоска и Соња Стефаноска.

Преседавачот ги запозна присутните дека Вонредното Собрание на акционери е свикано од Одборот на директори на АД ОХРИДСТУРИСТ- Охрид согласно одлука бр.02-61/3 од 28.02.2025 год. со следниот Дневен ред:

1.Избор претседавач и работни тела

2.Донесување на одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Комплекс ЛЕТНИЦА во Охрид, објект ОРИЕНТ во Охрид и Хотел ДЕСАРЕТ во Охрид.

Јавниот повик за одржување на Вонредното Собрание на акционер е објавен во весникот ВЕЧЕР во двобројот од 01. - 02.03.2025 год.

Во законски предвидениот рок од акционперот ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел Охрид е доставено Барање за дополнување на дневниот ред со

точка: Донесување одлука за водењето на работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото.

Барањето за дополнување на дневен ред е објавено во весникот ВЕЧЕР во бројот од 14.03.2025 год.

Претседвачот ги извести присутните дека е потребно најпрво да се утврди дали има кворум за работа на Вонредното Собрание и ги повика бројачите на гласови да утврдат присуство на акционерите врз основа на Списокот на присутни акционери.

Од страна на Мирјана Кузманоска беше истакнато дека согласно списокот на пријавени и присутни акционери на Вонредното собрание се преставени акционери кои преставуваат 50.640 обични акции. Согласно акционерската книга на друштвото издадена на ден 01.04.2025 год. во истата се запишани вкупно 172291 акција со право на истото толку гласови,така што на Вонредното собрание на акционери се преставени 29.39 % од вкупниот број на акции во друштвото.

Претседвачот констатира дека согласно закон во ваков случај Собранието на акционери нема кворум за работа и не може да продолжи со работа по дневниот ред.

Присутните едногласно одлучија Записникот да се достави до свикувачот одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид заради понатамошно постапување согласно закон.

Завршено во 12,15 часот.

АД „ОХРИДТУРИСТ" - Охрид
Собрание на акционери
Претседавач,

Адв Аце Горшевски

Записничар,
Славица Павлеска

Заверувачи:
1. Мирјана Кузманоска
2. Соња Стефаноска